**Важи искажаниот збор!**

**„СЛОВЕНИЈА НА ПАТОТ ОД РЕПУБЛИКА НА PORANEШНА ЈУГОСЛАВИЈА ДО ЧЛЕНКА НА ЕУ„**

Предавање на поранешниот претседател на републиката г-дин Милан Кучан

***ФОРУМ ЗА ЕВРОАТЛАНТСКА ИНТЕГРАЦIЈА НА REPUBLIKA МАКЕДОНИЈА***

**Скопје, 25. мај 2004**

Предоцна, Ваше величество. Така му одговориле словенечките пратеници во австрискиот парламент на царот Карло кога во 1916 година на Словенците им нудел автономија во рамките на својата монархија во распаѓање.

Во 1989 митингашите во Белград ги бркаа Словенците во Филаделфија и Грац.

На 1. мај годинава нашите надежи за успешна европска иднина ги ставивме во прегратките на Брисел, каде што како една од 25-те членки заедно ја запеавме Одата на радоста.

Овие анегдоти од виенскиот, белградскиот и бриселскиот „дворец„ можеби најдобро го илустрираат тоа што е тема на моето прдавање, значи, патот на Словенија од република на некогашна Југославија до членка на ЕУ. Тоа е пат на кој што Словенија мораше во рок од помалку од 100 години, трипати, односно четирипати да решава за својот државно-правен идентитет. Првпат по Првата светска војна и распаѓањето на големите европски империи, кога одново се црташе новата политичка карта на Европа, посебно на средна Европа и нејзиниот југозапад. Вторпат, по втората светска војна и блоковската, идеолошко-политичка поделба на Европа. Третпат, по крајот на биполарниот свет, пропаѓањето на идеологиите и распаѓањето на некогашна Југославија, кога ние Словенците решивме дека ќе живееме во своја самостојна држава, првпат во нашата долга историја. И четврти пат сега, кога живееме во рамките на ЕУ.

Словенија на патот од република на некогашна Југославија до членка на ЕУ ја карактеризираа повеќе испреплетени процеси. Слични процеси во голема мера беа карактеристични и за Македонија. За тие процеси сакам пошироко да проговорам, за да можам во продолжение да кажам и некои мои мисли за предизвиците на глобалниот свет, со коишто заедно се соочуваме. Стануваше збор за следниве процеси:

1. **создавање на сопствена држава**
2. **политичка и стопанска транзиција**
3. **европеизација и**
4. **глобализација**

## 1. Создавање на сопствена држава

Процесот на формирање на сопствена држава е оној којшто најсуштински ја разликува Словенија од другите држави во транзиција, а исто така и од Чешка и Словачка. Тој процес се совпадна со насилното, крваво распаѓање на некогашната заедничка југословенска држава. Длабоката политичка, стопанска и морална криза, во којашто дојде, бараше сосема нови и подолгорочни демократски решенија. Неспособноста и неподготвеноста за тоа покажа дека Југославија – всушност вештачка повеќенационална и повеќецивилизациска државно – политичка творба, којашто настана како резултат на исходот на двете светски војни - не е способна да преживее во иднина. Не можеше да најде интегративни интереси и лостови за ефикасно дејствување. Исто како и Советскиот сојуз и Чехословачка. Сите тие држави, иако со свои специфичности, во изменетите историски околности не можеа повеќе да го оправдаат своето постоење.

Југославија, како што ви е добро познато, ја скршија внатрешните спротивности и неспособноста да се постигне договор за прашањата што се основни за животот на повеќенавционална заедница и за рамноправноста на нејзините членки. На пр. за развојот на помалку развиените делови, којшто не би требало да биде на штета на поразвиените, за одлучувањето со согласност или мнозинското одлучување, за комунитарното и субсидијарното начело, за употребата на јазиците, за финансирањето на заедничките функции, како и за теоретски сложените прашања како што се карактерот на федерацијата, суверенитетот на републиките и од него изведената заедничка функција на федерацијата, односот помеѓу начелото на рамноправност и начелото на ефикасност и др. Тоа се начелни прашања, коишто денес се предмет на актулените расправи во рамките на Европската унјија, поврзани пред се со донесувањето на нејзиниот уставен документ.

По безуспешните политички разговори, коишто секогаш одново наидуваа на одбојни хегемонистички ставови на тогашното српско раководство и политичките амбиции на ЈНА, Словенија донесе одлука да побара излез од кризата, стагнацијата и развојната бесперспективност, којашто ја загрозуваше безбедноста и благосостојбата на нејзините луѓе, така што ќе го оствари своето право на самоопределување и ќе прогласи самостојна држава. Со тоа ја презеде одговорноста за себе и за иднината на Словенството. Основа за таа одлука беше пелбисцитот во 1990 година. Неговиот резултат – учество од 93% и 88% гласачи коишто беа ЗА – беше реализиран со прогласувањето на самостојноста во 1991 година. Таа сакаше да го направи тоа без конфликти, легално, во согласност со другите републики и со уредување на сите односи од некогашниот  живот во заедничката држава. За жал, ниту на предлогот за мирно раздружување тогаш не одговори ниту една република, освен Хрватска. Војните протви БиХ, во Хрватска и на Косово го отежнуваа решавањето на наследствените односи, но сега, по договорот во Виена, процесот на уредување на тие односи е речиси завршен.

Словенија ја донесе одлуката за осамостојување во време на длабоки европски преобразби во околности, коишто не и беа наклонети на таквата одлука. Најголемиот дел европски држави тогаш штотуку ги обликуваше елементите на својот поглед на политичкиот лик на Европа, којшто се менуваше по падот на Берлинскиот ѕид и падот на комунизмот. Се занимаваа пред се со прашањето, како да се зачува Југославија, а не како да се погрижат за нејзиното што помирно разделување. До сознанието дека Југославија не може да се зачува, тогаш патот беше се уште долг. Аргументот, дека распаѓањето на Југославија може да биде лоша порака за Советскиот сојуз, подоцна беше демантиран со сразмерно мирното распаѓање на Советскиот сојуз. Тој нејасен поглед на југословенската криза има последици и денес, кога се уште не постои целосен концепт за политичката иднина на југоисточна Европа и одделни прашања се решаваат парцијално, без да се земе предвид нивната меѓусебна поврзаност и влијание. На тој начин уште повеќе го отежнува сознанието, дека процесот на распаѓање на Југославија се уште не е завршен.

По прогласувањето на самостојноста, Словенија во таквите меѓународни услови - секако врз основа и со искуството од претходните институции на федерална република – требаше да ја формира целата државна инфраструктура: дипломатската мрежа, војската, полицијата, царината, даночниот систем. Го донесе својот устав. Оформи свој правен систем, правосудство, свој банкарски и финансиски систем и сопствена валута. Мораше пред се да обезбеди меѓународно признавање. Патот до него водеше преку

мировните преговори на Бриони, во јули 1991, коишто се завршија со војна на словенечко тло и со кои Словенија првпат стана субјект на меѓународен договор. Патот до меѓународното признавање дефинитивно го отвори Конференцијата за Југославија во Хаг, односно во Брисел, посебно со ставовите на т.н Бадинтерова арбитражна комисија за распаѓањето на Југославија и условите за меѓународно признавање на новите држави на нејзината територија.

Од вонредно значење за Словенија беше и се уште е сукцесијата на меѓудржавните и меѓународните договори на некогашна Југославија, особено оние, коишто на Словенија и ги гарантираат државните граници и нејзината соодговорност за положбата на словенечкото малцинство во соседните држави. Тоа се посебно т.н. Осимски договори со Италија и Австрискиот државен договор.

На Словенија, според мене, и успеа да создаде самостојна држава и да обезбеди нејзино меѓународно признавање, прво, затоа што имаше доволно добри политички и стопански можности, второ, затоа што својата одлука ја втемелуваше по правен пат со легитимно повикување на начелото на самоопределување, трето затоа што за осамостојувањето постоеше голема внатрешна политичка согласност, изразена во резултатот на плебисцитот и четврто, затоа што имаше подготвен концепта на политички, стопански и социјални промени, којшто докажуваше дека формата на новата држава не ги зачувува односите коишто ја генерираа кризата.

## 2. За транзицијата

Словенија на својата држава и определи содржина со процесите на политичка и стопанска транзиција. Општо земено, тие процеси имаат слични карактеристики како и во сите други држави на средна и источна Европа, коишто одеа по патот на промените по падот на Берлинскиот ѕид.

Стопанството се промени од социјалистичко во капиталистичко, од државно-планско и дистрибутивно во пазарно и конкурентско, од индустриско во постииндустриско и услужно. Процесот на преструктурирање е се уште во тек. Стопанството исто така се промени од регионално во отворено. Во некогашна Југославија и државите на некогашниот СЕВ Словенија продаваше повеќе од 1/3 од своето производствоо, а по распаѓањето на југословенскиот пазар мораше да го избори своето место на конкурентските пазари. Таму денес таа продава, односно создава, 2/3 од својот национален БДП.

Сосвеноста од некогашната оппттествена сопственост на сите, којашто во името и интерсот на сите државјани преку работничките совети ја управуваа на социјалистичките епретпријатија, се промени во сопственост на поединци, која во нивен интерес ја раководат менаџерски тимови. Приватизацијата на реалниот сектор на стопанството е формално завршена, но се уште интензивно се одвива процесот на нстанување на реална сопственичка структура. Исто така се одвива и приватизацијата на финансискиот сектор, банките, осигурителните компании и енергетиката, а се подготвува и концепт на приватизација на телекомуникациите и сообраќајната инфраструктура.

Се покажа дека транзицијата на сопственоста е најсложена, дури и драматична операција, којашто уште повеќе ја отежнуваше истовремениот процес на враќање на

имотот, одземен по војната. Транзицијата на сопственоста длабоко задира во менталитетот, навиките и системот на вредности. Ја менува и социјалната структура на општеството. Луѓето ги постави на моногу различни места на скалата на материјалното богатство, општествениот углед, социјалната сигурност и полтичкото влијание. На поинаква основа ја поставува и социјалната безбедност. Од системот, во кој социјалната заштита, вклучувајќи го и вработувањето, ги обезбедуваше државата, сега се повеќе се темели на одговорноста на поединецот и на социјалното партнерство помеѓу државата, работодавачите и работниците. На државата и преостанува барањето рамнотежа помеѓу работата и капиталот, така што на работата и го зачувува угледот, а на капиталот му овозможува да има развојна улога. Словенечкото општество благодарејќи му и на својот модел на приватизација се уште е социјално доволно стабилно и интегрирано, без голема социјална исклученост, иако социјалните разлики се зголемуваат и бараат чувствителна социјална политика. Транзицијата е извршена со сознанието дека максимализацијата на добивката, односно користа на акционерите, не е единствениот и општоважечки мотив на успешно стопанисување.

Словенија сега се наоѓа пред задачата, да подготви стратегија на развојот. Клучната развојна цел е Словенија како општество на знаење, што на Словенија би требало да и обезбеди позиција на една од најпропулзивните држави во ЕУ. Притоа Словенија во голема мера се потпира на Лисабонската декларација, а ги зема предвид и достигнувањата на својата стопанска и сопственичка транзиција. Еден од клучните проблеми притоа е, како да се извршат потребните структурни промени и да се обезбеди стабилен стопански пораст, потребен за долгорочна благосостојба без премногу далбоки посегања во социјалната сигурност и правата на луѓето, а со тоа и во социјалната стабилност на државата, којашто во уставот е определена и како социјална држава.

Стопанската транзиција се одвиваше со влегување на странски капитал. Притоа на Словенија и се забележуваше дека е резервирана кон странскиот капитал. Словенија всушност се бранеше и се одбрани од шпекулативниот капитал, а кон странските купувања на словенечки претпријатија и кон странските инвестиции пристапуваше селективно. Словенија има стимулативен систем за поттикнување на странските инвестиции, којшто се темели на домицилното начело. Уделот на странските инвестиции во периодот 1989 – 2002 изнесува 1.702 УСД по жител. Најголеми странски инвеститори се САД, Франција, Австрија и Германија.

Политичката транзиција се случи на мек и брз начин, без големи пресметки како во некои делови на некогашна Југославија, каде што беше проследена со крв, насилство, стопански колапс, политичка нестабилност и недостиг на правна и социјална сигурност. За промените имаше политичка согласност на реформистичките и опозициските политички сили и граѓанското општество. Согласноста беше потврдена со првите демократски повеќепартиски избори пролетта 1990 година и донесувањето на уставот, есента 1992. Таа ги изразува сите демократски стандарди на современите европски оштества. Тоа не значи дела во политичкиот живот не може да се забележи демократски дефицит и последици од недостигот на полтичка парламентарн традиција.

И покрај разликите во т.н. комунистички владееньеа во транзициските процеси треба да се увидат некои заеднички карактеристики. Нив ги има и словенечката политичка транзиција. Мислам пред се на фактот, дека до промени дојде поради натрупаните и заострените внатрешни противречности и со активноста на внатрешните фактори во

тие држави. Различните граѓанско-општествени движења  и реформски сили во официјалните државни и партиски структури, ја зацврстија волјата да ги реализираат, и реалната моќ, којашто го овозможи тоа. Така волјата на мнозинството ја прекина агонијата уништувајќи го раскројувањето и ентропијата на системот. Тоа беше мек премин, карактеристичлен за најголемиот дел држави во транзиција, од кој отстапуваше посебно Романија. Но, тоа не значи дека во тие држави, а и во Словенија, нема манифестации на антикомунизам со барања за лустрација, за што постојат обиди да се изедначи со демократизам, како и радикален национализам, ксенофобија и расизам.

Сметам дека за разбирање на феноменот на политичката транзиција  треба да се каже дека во цела средна Европа, односно во сите држави во транзиција, и во Словенија, долгите децении живот во поинаков свет оставија длабока трага во менталитетот и однесувањето на луѓето. По промените менталитетите се измешаа и се движат помеѓу трезните размислувања за новиот живот, можностите, ризиците, натрпеварувачкиот дух и солидарноста од една страна, и илузиите, коишто брзо се менуваат во разочарувања и носталгија, од друга страна. Најчести причини за носталгија се брзиот и интензивен процес на социјална диференцијацција и стеснувањето на социјалната перспектива поврзано со тоа. Товарот на стариот менталитет и новонастанатите големи социјални разлики може да предизвикаат бегство кон екстремни идеи, кон национално обоен фундаментализам, кон растргнатост од длабоко незадоволство и егзистенцијалните проблеми и кон насилство заради чувството дека светот е крив за се и дека за се се криви само другите. Оттука произлегува таквата чувствителнот на тие држави за  концептот на социјалната држава и начелото на правичност и солидарност.

Политичкото единство, коешто во Словенија беше очигледно во однос на начинот на преминување, државното осамостојување и влегувањето во ЕУ и НАТО и коешто беше услов за успешно спроведување на тие проекти, подоцна брзо се рападна. Денес политичкиот лик на партискиот живот манифестира големи разлики во ставовите, интересите и погледите, дури и во врска со природата на на транзицијата и некои начела врз основа на кои беше спроведено осамостојувањето, како легално и легитимно. Тие разлики суштински ќе ги карактеризираат есенските парламентарни избори и скорешните први избори на словенечки пратеници за европскиот парламент.

## 3. Процесот на европеизација

Процесот на европеизација беше логична последица на отворањето на словенечкото општество и поврзувањето на стопанството со развиените пазари. Словенија уште во 1990 година, кога на плебисцитот се определи за самостојна држава и за раздружување од некогашна Југославија, како стратешки цели си ги постави вклучувањето во ЕУ и НАТО. Обете цели ги постигна. Успешно, само со мали исклучоци, ги заврши преговорите за членство во ЕУ. Интензивно работи на имплементацијата на европскиот правен поредок и според оцените на европските експерти е најдобро подготвената нова членка, којашто има амбиција идната година да стапи во зоната на ЕВРО-то. Со намалувањето на инфлацијата под 5% што е реално можно, и со фиксирањето на курсот на толарот Словенија ќе ги исполни критериумите од Мастрихт.

Преговорите со ЕУ Словенија ги заврши успешно, зашто имаше добри појдовни точки, успешно стопанство со солидни макроекономски показатели и зашто беше социјално и

политички стабилна. За текот на преговорите владата тековно ја информираше јавноста и постапно внесуваше промени во стопанскиот и правниот живот на државата. Резултатот од тоа се покажа на референдумот за влегувањето на Словенија во ЕУ, на кој при учество до 60% за влегување гласаа 89,6% државјани (за НАТО 66%). Словенците добро разбираат дека животот во ЕУ не носи само поволности, благосостојба и права, туку и одговорности, обврски и солидарност. Тие разбираат дека ЕУ е пред се можност и дека од нас самите зависи дали ќе ја искористиме. Затоа на 1. Мај, при сеопштото славје по повод приемот во ЕУ, во Словенија немаше претерана еуфорија. Како ние Словенците добро да ги запомнивме зборовите на канцеларот Кол, дека членството во ЕУ не е подарок, туку треба да се заслужи. Нашиот словеечки пример покажува дека е тоа можно и дека вреди да се заслужи.

Неповолна околност на патот во ЕУ беше фактот што во врска со границата на Словенија со Хрватска и најнапред на југозапад траеа полувоени услови. По преговорите за склучување на договорот за придружување Словенија ја попречуваа Италија и Австрија со барањата некои прашања, коишто се последица од Втората светска војна, да се уредат поинаку отколку што со договори со тие држави ги решила Југославија. На тој пат тоа беше политички најтешкиот проблем.

Во преговорите со НАТО клучни проблеми беа аполитичноста на војската и цивилниот надзор над војската, концептот на одбраната и војската, кошто во голема мера го намали бројот на војници и воведе професионализација, како и висината на воениот буџет.

На својот геополитички простор, којшто стратешки и сообраќајно, од аспект на политичките, стопанските и безбедносните поврзувања е многу важен, Словенија е многу заинтересирана што поскоро и сите други републики на некогашна Југославија и сите европски држави да станат членки на ЕУ и НАТО. Така ефикасно ќе бидат отстранети последиците од некогашните блоковски поделби и ќе се спречат нови поделби, посебно поделбите на развиена и неразвиена, на стабилна и нестабилна Европа, или, она што е во моментов токму во врска со расправите во ЕУ исклучително актуелно, на Европа со две брзини. Поделбите суштински би ја намалиле можноста Европа во светот да стане влијателен и одговорен фактор. Така како што би било соодветно на нејзината стопанска моќ и културна традиција.

Тоа се константите на словенечкото политичко дејствување во Европа, при што приопритет имаат пред се поврзувањата во средна Европа и на Балканот, односно во југоисточна Европа.

Средна Европа е словенечката природна средина. Тоа е оној културен, стопански и социјален простор во кој ние Словенците сме се формирале како народ. Тука се нашите историски и културни корени и поврзувања. Феноменот на Аврстроунгарската монархија на тој простор му даде историски белег. По падот на железната завеса, којашто токму тој простор најсурово го раздели на европски политички исток и запад, во новите околности тој простор веднаш одново се поврза. Веднаш оживеа Вишеградската група држави. Настанаа ЦЕФТА и Централноевропската иницијатива. Словенија со тие држави има активна стопанска, културна и политичка соработка.

Словенија има посебен интерес и за Балканот, посебно за државите коишто настанаа на тлото на некогашна Југославија. Тоа е простор што ни е добро познат заради

заедничиот живот се од 1918 година. Во барањето на решенија за југословенската крза, којашто се заоструваше уште од последните години на животот на Тито, а посебно по неговата смрт, и начинот на мирен излез, Словенија имаше активна улога. И сега, по неразумното неколкугодишно одвраќање од тие држави, таа при барањето на политичката иднина на Балканот има иницијатива и учествува во сите меѓународни активности. Свесна е за својата соодговорност за мирен и безбеден живот на тој простор, бидејќи на него непосредно се граничи со Хрватска. Со тие држави има живи контакти, не само стопански. Тие стопанства беа повеќе или помалку комплементарни со словенечкото. По престанувањето на воените конфликти беа обновени тековите на стоките. Словенија во тие држави е и голем инвеститор, посебно во Хрватска, Босна и Херцеговина, а с# повеќе и во Македонија и Црна Гора.

Словенија е заинтересирана на тие држави да им помага на патот во ЕУ. Подготвена е да помогне со своето искуство, за да може да се заштитат од грешките коишто ги направи Словенија и за да си го скратат патот на исполнувањето на сложените критериуми. А пред се, за да сфатат дека членството во ЕУ не е подарок но дека е можно и дека вреди да се заслужи.

Посебно важни се безбедноста и политичката стабилност на целото тоа подрачје. Со ставот „ние со нив не можеме повеќе никогаш да живееме заедно, бидејќи се припадници на друг народ или религија„, којшто може да се чуе на Балканот, не може да се живее во ЕУ. И на европскиот југоисток владеат истите начела, вредности и критериуми како што важат насекаде во Европа, вклучувајќи ја непроменливоста на границите и високата промоција на човековите права и правата на малцинствата. Мислам дека укажувањето на тие начела и помошта, да се остваруваат, може да биде најголем придонес на Словенија на патот на тие држави во ЕУ и НАТО.

## 4. **Процесот на глобализација**

Процесот на глобализација Словенија, како и целиот свет, ја зафати најнапред на стопански план со глобализација на капиталот. Словенија мораше да се пробие на меѓународните пазари, ако сакаше да преживее. Беше логично што се отвори кон меѓународните текови на капиталот. Тоа беше неизбежно и заради промената на неповолната индустриска и целосната стопанска структура, во која беа силно присутни традиционалните работно интензивни гранки – текстилната, кожарската, дрвната. Тоа беше потребно и заради осовременување на технологијата, компјутеризацијата, употребата и производството на информатички и процесни технологии, современата организација на работата и образованието на менџментот.

Преку влегувањето на словенечкото стопанство во процесот на глобализацијата на светот во Словенија се афирмираат сознанијата за неговите предности и можностите и неговите предизвици и опасности.

Сложеното патување на Словенија од некогашна Југославија во Европската унија ја оспособи Словенија денес да може да ги оценува и настаните во современиот свет и да зазема ставови во врска со нив. Тоа и овозможи да ги надмине ограничените видици на провинцијализмот и самодоволноста, кои за малите држави се најголема опасност. Словенија има можност, својата иднина да ја гради на сознанијата за современиот свет и Европа како меѓузависни и меѓусебно тесно поврзани целини.

Во современиот свет не може да се живее изолирано. Не е можно да се избегне одговорноста за сопственото однесување и однесувањето на другите, зашто светот живее во односи на меѓусебна взаемна зависност. Светот, кој настанува, бара соодветно управување, соодветно правно регулирање на односите и соодветни и ефикасни установи на управување; глобалниот капитал речиси автономно поставува правила, зашто мултинационалните компании ги надминаа границите и јурисдикцијата на националните држави, на коишто им останува грижата за социјалниот развој. Нивна е и посоодветната опредлба на одговорноста на државите за светот како целина и неговата иднина, за животот на земјата, за односот кон биосферата.

Ирачката криза покажа недостиг на оринетација, визија и етичка пракса на власта. Повеќе од другите кризи (Балкан, Авганистан, Сомалија, Руанда), таа ја откри сомнителната легитимност и легалност на унилетралната интервенција, без оглед на неспорното масовно кршење на човековите права и непрестаната опасност, којашто Ирак ја претставуваше за безбедниот свет. Таа ја покажа етичката и правната недореченост на односите во светот.

Светот нема заеднички препознен и признаен етички темел, односно цврсти заеднички етички вредности. И Европа нема, тоа го откри расправата за преамбулата на европскиот уставен договор. Обидите етичките вредности на една цивилизација, европска или евроамериканска, да се наметнат како важечки и обврзувачки и за другите, кај другите цивилизации се доживуваат како своевиден духовен хегемонизам и предизвикуваат конфликти при разбирањето на демократијата, човековите права и др. Разликите, условени од цивилизацискот наследство, стануваат се поважни. Поради големиот јаз помеѓу богатиот и сиромашниот свет тие стануваат главен предизвик за иднината на светот. Конфликтот на цивилизациите е за жал можна реалност. Тој може да се избегне преку дијалог, чија смисла и цел ќе биде барањето на заеднички именител на вредностите, коишто ќе можеме да ги прифатиме како водилка за однесувањрто на сите и секого и ќе може да бидат темел на одоговорноста и солидарноста на голобалниот меѓузависен свет.

Врз таа основа би било можно да се развива меѓународниот правен поредок, кој како највисока вредност би го штител животот, посебно човековиот живот, неговото достоинство и политичките, социјалните, културните и правата на човековата околина. Потребна ќе биде промена во хиерархијата на вредностите, бидејќи постојниот меѓународен правен поредок, којшто беше обликуван главно по втората светска војна и како енјзина последица, ги штити пред се државите, а правилата на заштита им ги подредува на тие начела на суверенитет и немешање.

Задачата бара и ефикасна институција, односно кредибилни Обединети нации, коишто ќе ја легитимираат и легализираат меѓународната интервенција, ако бидат загрозени највисоките вредности (т.н. хуманитарна интервенција). Дотолку повеќе, зашто поради современите загрозувања на безбедноста е се посилен и манипулативниот стремеж, за безбедноста да се жрвтуваат човековите права и слободи, коишто се основно достигување на развојот на демократијата. Ефикасна институција е потребна и заради тоа меѓународната заедница и одделните држави да можат да се заштитат од искушението на една единствена држава или ад хок коалиции, кошто би сакале кршењето на вредностите да го оценуваат сами и сами да решаваат за интервенција и покрај институцијата, определена со меѓународното право. Со осовременување на

ООН сега се зафати генералниот секретар со панел на угледни мудри луѓе од сите континенти. Да се надеваме дека ќе им успее.

Меѓузависноста на глобалниот свет бара ново разбирање на раководењето и одговорноста. Глобалната одоговрност значи одговорност за себе, за сопствените однесувања, но и одговорност за однесувањето на другите. Тоа е одговорност на луѓето едни за други и воедно нивна одговорснот кон човештвото, кон глобалната човечка заедница, кон биосферата, кон животот. Одоговорноста е и вертикална и хоризонтална!

Напуштањето на традиционалното разбирање е барањето секој, кој има надлежност на кое и да е ниво на власт или управување, да не биде одговорен само пред оние коишто му го дале мандатот, туку и пред целото човештво и целата биосфера. Разбирањето на сопствената одговорност само во односот кон своите државјани, избирачи или сопственици на капитал не соодвестствува повеќе со реалностите на светот. Ниеден фактор, односно институција не може својата одговорност да ја ограничува само на планот на своите формални надлежности. И оној, којшто ги почитува правилата и само им се покорува на наредбите, има одговорност за своите постапки.

Управувањето и одговорноста на глобализираниот, меѓузависен свет, бараат ограничувања на апсолутната слобода, коишто се втемелени со целите и вредностите на глобалната заедница. Нема заедница бер заеднички вредности. Затоа е заедничка и одговорноста за нивносто афримирање: на сите и секого поединечно, државите, нивните заедници, корпорации, поединци.

Државите, областите, континентите, корпорациите на глобализираниот свет нема да можат да зачуваат целосна автономија и самодоволност. Секоја област е дел од планетата и секоја од нив и е доверена на некоја заедница, да управува со неа во свој и заеднички интерес, во името на сегашните и идните генерации. Тоа е во спротивност со менталитетот дека со приватната сопственост може секој - приватен сопственик земјоделец, заедница, претпријатие, корпорација, држава - да прави што сака во името на неприкосновеноста на сопственоста, автономијата и суверенитетот. Таквото размилсување не е во согласност со Преамбулата на декларацијата на ООН од Рио, во која беше првпат прогласено дека „Земјата, домот на човештвото, е меѓусебно зависна целина„.

Глобалноста на светот го зближува човештвото, а предизивкува и натпреварувачку дух и мерење на силите на цивилизациите, религиите, традициите, духовните различности, корпорациите, стопанските, финансиските и воените сили. Заради тоа може да биде и опасна, ако натпреварувачкиот дух не го урамнотежиме со солидарноста.

За тоа е свесна и Европа. И иднината на светот е силно зависна и од Европа. Од нејзината внатрешна интегрираност и нејзината способност, во светот да се воспостави како центар со влијание достојно за почит и одговорноста. Недовербата помеѓу Европјаните мора да се замени со доверба. Егоизмот мора да се замени со солидарност. Европа мора да оформи специфичен политички идентитет, чиј темел ќе бидат заедничките вредности, а не само интересната кост/бенефит анализа.

Европа на иднината е затоа и етички проект, а иднината на Европа едно од клучните прашања на утрешниот свет во целина. Влијанието на Европа никогаш нема да биде

безгранично. Може да е важна со своето искуство, со својата плуралност, својата култура. Штета што Европската конвенција во своите размислувањеа за европскиот уставен договор не се зафати со тие појдовни точки. Тоа е изгубена можност, за којашто треба да жалиме.

Ако по сето кажано завршам со моето уверување дека патот на Словенија од република на некогашна Југославија до членка на ЕУ е  успешен. Дека Словенија е успешна и безбедна држава, којашто на своите државјани им обезбедува висок степен на правна и социјална сигурност. Сега кога со членството во ЕУ и во НАТО ги оствари своите стратешки цели и со тоа доби на располагање инструменти од тие интеграции, ги определува своите нови развојни цели, коишто ќе ги остварува и со помош на ти еинтрументи. Меѓу нив е секако побрзо, посебно стопанското поврзување и отворање кон светот. Тоа е соработката со соседите, со кои ја делиме заедничата судбина и можностите за заеднички настап. Тоа е помошта на државите на тлото на некогашна Југославија, што побрзо да се оспособат за живот во тие интеграции. Би истакнал дека сите некогашни Југословени имавме исти појдновни можности. Одевме по различни патишта. Словенечкиот се покажа како успешен. Сега чувствуваме одговорност, со своето искуство да им помогнеме на другите.

Ако како и да е побудив љубопитство кај вас, сега во текот на разговорот со задоволство ќе го задоволам.

Благодарам.